# Регионален натпревар на тракористи во с. Неготино - Гостивар

На 03 октомври 2011 на атарот од  с. Неготино – Гостиварско се одржаа втори регионални тракторски натпревари, организирани од: АПРЗ РЕ Гостивар, Народна техника на Македонија– Гостивар, и Месната заедница на с. Неготино.

Натпреварот се одвиваше по следната програма:

• **09.00** Пристигнување и пријавување на кандидатите,
• **09.15** Отварање на натпреварот,
• **09.30** Теоретски дел: Презентирање и толкување на новите правила за натпревар
• **10.00** Почеток на натпреварот,
• **13.00** Објавување на резултатите и доделување на награди.

Пред одржувањето на натпреварот советниците на АПРЗ Гостивар имаа неколку средби со преставници од Народна техника и преставници на Месната заедница на с. Неготино, на кои ги договаравме: датумот на натпреварите, парцелите каде што ќе се одвива орањето, како и потребната механизација за успешно  изведување на натпреварот.

Од страна на Народна техника Гостивар беа изработени покани за земјоделците кои заедно со Месната заедница на с. Неготино беа поделени по селата од Гостиварска околија.

Ден пред натпреварот со помош на месното население, на одредените парцели се изврши мерење и околчување на парцелите за натпревар.

На натпреварот се пријавија вкупно 16 натпреварувачи  кои се натпреваруваа во две категории: со лесни и со тешки трактори.

Пред почетокот на натпреварот беа формирани комисии за оценување на квалитетот на орањето, а предавања за пропозициите и новите правила за натпреварување одржа преставник од Народна техника.

Поради бројната механизација натпреварот се одвиваше истовремено на неколку парцели и заврши во предвидениот термин. Комисиите од двете категории го извршија оценувањето и откако ги сумираа резултатите ги прогласи победниците.

Со лесни трактори се натпреваруваа:

.

| **Р.б.** | **Име и презиме** | **Населено место** | **освоено бодови / освоено место** |
|---|---|---|---|
| 1 | Јован Јанкоски | с. Зубовце | 153 – прво место |
| 2 | Осман Билали | с. Чегране | 147 – второ место |
| 3 | Насер Зулбеари | с. Неготино | 138 – трето место |
| 4 | Катерина Јанеска | с. Тумчевиште | 137 |
| 5 | Петре Ѓурчиноски | с. Тумчевиште | 135 |
| 6 | Бастри Бехадини | с. Добридол | 132 |
| 7 | Шабан Рамадани | с. Градец | 132 |
| 8 | Енес Ибраими | с. Градец | 130 |

Со тешки трактори се натпреваруваа:

.

| Р.б. | Име и презиме | Населено место | освоено бодови / освоено место |
|---|---|---|---|
| 1 | Џемаил Дервиши | с. Форино | 156 – прво место |
| 2 | Маренко Јанески | с. Тумчевиште | 150 – второ место |
| 3 | Нагиб Јонузи | с. Неготино | 138 – трето место |
| 4 | Фадил Алити | с. Неготино | 137 |
| 5 | Виктор Јанески | с. Тумчевиште | 135 |
| 6 | Нимет Алија | с. Неготино | 135 |
| 7 | Баки Демири | с. Топлица | 134 |
| 8 | Дракче Богданоски | с. Дебреше | 134 |

Победниците од овие регионални натпревари ќе учествуваат на 52 те Државни натпревари.

На победниците медали и дипломи за постигнатите резултати им подели секретарот на Народна техника на Македонија.

Средбата заврши со констатација дека натпреварите беа фер и успешно организирани. Организаторите и учесниците беа задоволни од завршената работа. Со ова искуство сме поподготвени за во иднина уште подобро да организираме манифестации од ваков вид.

Гостивар, 04.10.2011